СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

ЕТИЧКИ КОДЕКС

за водачи, волонтери и вработени во извидничката организација

Скопје, јануари 2025

Врз основа на член 110 став 1 алинеа 9 од Законот за социјалната заштита (Сл. весник на Република Северна Македонија бр.104/19, 146/19 и 275/19), ***СОЈУЗ НА ИЗВИДНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА*** донесува:

ЕТИЧКИ КОДЕКС

за водачи, волонтери и вработени во извидничката организација

Вовед

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку мерки, активности, програми и политики за превенција, заштита од социјалните ризици и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат на добросостојбата на членовите на извидничката организација.

Како основен услов за давање на квалитетна услуга на членовите на извидничката организација, покрај знаењето и вештините, неопходна е и посветеноста, професионалноста и етичкото однесување на Водачите, волонтерите и вработените. Етичката свесност на Водачите, волонтерите и вработените претставува суштина на стручната работа во извидничката организација.

Законските норми не даваат готови упатства за однесување на Водачите, волонтерите и вработените во одредени ситуации, затоа Етичкиот кодекс упатува на одредени морални аспекти. Етичкиот кодекс содржи низа вредности, начела, правила и стандарди кои го насочуваат професионалното однесување на Водачите, волонтерите и вработените во управување со предмети и донесување на одлуки.

Сите водачи должни се да се грижат за правилна примена на овој Етички кодекс и за секоја повреда на истиот да им укажат на Водачите, волонтерите и вработените за неетичкото однесување или да се обратат до надлежните органи односно до Етичкиот одбор.

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Цел на Етичкиот кодекс

Член 1

Со Етичкиот кодекс се утврдуваат и пропишуваат етичките стандарди и правила на професионално однесување на Водачите, волонтерите и вработените во работата со својте јата, патроли, дружини, одреди и Сојуз.

Целта на Етичкиот кодекс е унапредување и афирмација на достоинството на Водачите, волонтерите и вработените во својата работа, зајакнување на довербата на членството во работата на истите и унапредување на квалитетот на дадени услуги кон извидниците.

Скопје, јануари 2025

Водачите, волонтерите и вработените ги применуваат и се придржуваат кон етичките правила и стандарди од Етичкиот кодекс во однос на членовите, другите водачи, органите на
раководење, други Сојузи и граѓански здруженија со кои соработуваат и заедницата согласно законската регулатива.

Член 2

Водачите, волонтерите и вработените во својте јата, патроли, дружини, одреди и Сојуз совесно ги извршуваат своите работни задачи и своето знаење и искуство го посветуваат на грижа и заштита на членовите преку промоција на толеранција и меѓусебно почитување.

Во своето делување, Водачите, волонтерите и вработените ги почитуваат основните човекови права и вредности спрема начелото на социјална правда и еднаквост без разлика на постоечките разлики и се должни да ја задржат својата стручност, компентенција и интегритет во работата со членовите и останатите.

Член 3

Водачите, волонтерите и вработените го чуваат угледот на извидничкото движење и зависно од позицијата на која се наоѓаат, даваат придонес за унапредување на работата на Сојузот, како и подобрување на ефикасноста.

Раководниот орган на водачот или овластено лице од негова страна, го запознава секој нов водач кој за прв пат води некоја извидничка единица со одредбите на Етичкиот кодекс.

Водачите, волонтерите и вработените во спроведувањето на извидничката програма постапуваат во согласност со одредбите на Етичкиот Кодекс, доколку при спроведувањето на извидничката програма се констатира дека водачот постапува спротивно на Етичкиот кодекс, раководниот орган на водачот или овластено лице од негова страна доставува предлог за одземање на патролата (единицата со која раководи).

Изразите, употребени во Етичкиот кодекс кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица од машки и женски пол.

II. ОСНОВНИ НАЧЕЛА

Член 4

Водачите, волонтерите и вработените, работите за кои се надлежни ги извршуваат на законски начин и со почитување на начелата на социјална заштита согласно II глава од Законот за социјална заштита, и тоа:

- Начело на супсидијарност;
- Начело на еднаков третман и недискриминација;
- Начело на партиципативност;

Скопје, јануари 2025

- Начело на индивидуализација;
- Начело на зајакнување на корисникот;
- Начело на приватност;
- Начело на почитување на инегритетот и правата на корисникот;
- Начело на најдобар интерес;
- Начело на најмалку рестриктивно опкружување;
- Начело на доверливост;
- Начело на јавност во работењето;
- Начело на социјална праведност.

Член 5

Сојузот на извидници на Македонија (СИМ), вклучувајќи ги сите волонтери, вработени и водачи, е посветен на почитување и придржување кон стандардите за превенција и заштита од сексуална експлоатација и злоупотреба (ST/SGB/2003/13), кои се утврдени од страна на Обединетите Нации, со цел обезбедување безбедна и почитувана средина за сите.

III. ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ И ПРАВИЛА НА ОДНЕСУВАЊЕ

Член 6

Водачите, волонтерите и вработените се грижат и го унапредуваат сопствениот дигнитет и угледот на извидниците и тоа како за период на состаноците, излетите, камповите, извидничките активности така и надвор од нив. При тоа не ја користат својата положба за приватни цели и не изнесуваат податоци кои би можеле да го нарушат угледот на Сојузот, но и довербата на членството.

Водачите, волонтерите и вработените при вршење на извидничките активности го почитуваат правото, достоинството и интегритетот на корисниците, но се грижат и за сопствениот интегритет. Интегритетот на личноста вклучува чесност, вистинитост, обврска кон сопствените морални вредности и должности.,

Водачите, волонтерите и вработените во сите јавни настапи и претставување на Сојузот, извидничкото движење пред други, ги изнесуваат ставовите на Сојузот во согласност со законските прописи и надлежности, стручните знаења и Етичкиот кодекс.

IV.ОСНОВНИ ПРАВИЛА НА ОБЛЕКУВАЊЕ И ОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВИДНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Член 7

Скопје, јануари 2025

Водачите, волонтерите и вработените се со уреден надворешен изглед, внимаваат на својата лична хигиена и се облекуваат на адекватен начин на кој не го нарушуваат сопствениот углед и угледот на Сојузот.

На извидничките активности не ги изразуваат своите политички, верски и други лични ставови или на групи на кои припаѓаат и кои би можеле да ги доведат во ситуација на сомнеж за пристрасност или нарушување на неутралниот став кој треба да го имаат кон членството.

V. ОДНОС НА Водачите, волонтерите и вработените КОН ЧЛЕНСТВОТО

Член 8

Во вршење на извидничките активности дадени согласно извидничката програма, Водачите, волонтерите и вработените во однос на членовите постапуваат:

-Професионално, неутрално и љубезно, особено со деца и со други ранливи категории на корисници;

-Благовремено и точно даваат информации и податоци за олеснување на пристапот на членовите до правата и услугите;

-Со почит и достоинство се однесуваат кон секој член и превземаат мерки на заштита на правата на членот.

Член 9

Водачите, волонтерите и вработените не дискриминираат, не користат говор на омраза, навреди кон членот, не понижуваат или дискредитираат, не се вклучени во корупција или друг вид на злоупотреба на својата должност.

Водачите, волонтерите и вработените обезбедуваат индивидуален пристап на членот и негова активна партиципација, по потреба и на членовите на неговото семејство и тоа во планирање, избор и давање согласност на користени права и услуги. Со тоа целосно го информираат членот за правата, можностите, можните ризици и ограничувања на одредени постапки и за други прашања важни за членот. Добросостојбата на членот е приоритетна цел и одговорност на водачот.

VI. МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА Водачите, волонтерите и вработените

Член 10

Сите форми на комуникација меѓу Водачите, волонтерите и вработените се засновуваат на меѓусебна почит, доверба, соработка, пристојност и одговорност.

Водачите, волонтерите и вработените им овозможуваат пристап на другите

водачи до потребните информации од интерес на работата, развиваат форми на организациско учење, ги прифаќаат и вреднуваат Водачите, волонтерите и вработените со нивните професионални достигнувања.

Водачите, волонтерите и вработените во дејноста социјална заштита, континуирано се едуцираат и стручно усовршуваат за да обезбедат високо ниво на стручна и етичка компентенција при давање на услуги на членството.

Член 11

Раководниот орган (Старешината, Началникот) на Сојузот, Одредот дава пример на етичко однесување на другите водачи, како и поттикнува позитивна атмосфера за квалитетно и навремено вршење на работните задачи, меѓусебно почитување и соработка. Раководниот орган е должен да се грижи за рамноправна распределба на работните задачи кон сите водачи подеднакво.

Раководителите, координаторите и супервизорите ја следат примената на Етичкиот кодекс, им укажуваат на Водачите, волонтерите и вработените за пропустите во работата и преземаат потребни мерки за примена на етичките правила и стандарди.

Водачите, волонтерите и вработените и раководниот орган развиваат соработка и партнерство со други институции и граѓанскиот сектор, во функција на унапредување на работата на Сојузот и унапредување на квалитетот на услугите кон членството.

Со своите изјави и коментари не ги доведуваат во прашање одлуките, угледот и достоинството на раководниот орган.

Водачите, волонтерите и вработените во дејноста социјална заштита не примаат подароци и не смеат да бараат , примаат односно да дозволат друго лице во нивно име или нивна корист да бара, дава или прима подарок, услуга или било каква друга вредност, помош или друга корист во врска со вршењето на должноста, која би можела на било кој начин да го компромитира нивното работење или да ги стави во несоодветна положба и обврска.

VII.ОДБЕГНУВАЊЕ НА СУДИР НА ЈАВНИ И ПРИВАТНИ ИНТЕРЕСИ

Член 12

Водачите, волонтерите и вработените во извршувањето на своите работни задачи, овластувања и должности, избегнуваат било каков судир помеѓу јавниот и приватниот интерес, како и било каков сомнеж за постоење на судир на интереси. Во своето постапување и однесување, Водачите, волонтерите и вработените се водат од јавниот интерес во согласност со Уставот, Статутот, извидничките законите, извидничкиот завет и постапуваат совесно, стручно, без дискриминација и без никаков приватен интерес.

Во случај на постоење на судир на интерси, должни се веднаш, без одлагање да го пријават истиот кај раководниот орган – Старешината, Началникот.

Скопје, јануари 2025

VIII. ОДГОВОРНОСТ КОН ЗАЕДНИЦАТА

Член 13

Водачите, волонтерите и вработените преземаат и развиваат активности за превенција на социјалните појави, ризици и проблеми во локалната заедница, согласно одредбите од Законот за социјална заштита, а во соработка со други државни, правни и физички лица и здруженија.

Со своето работење, Водачите, волонтерите и вработените ги унапредуваат меѓучовечките односи, хуманизмот, солидарноста и сигурноста во поширокатa социјална и општествена заедница. Воедно развиваат и практикуваат професионална сензибилност за социјалните појави, ризици и проблеми во заедницата.

Водачите, волонтерите и вработените со своето работење создаваат позитивни социјални промени, даваат иницијативи кои се во интерес на членството Даваат поддршка во заедницата за градење на мрежа на ресурси и социјална поддршка, како за секој граѓанин, така и за специфични категории на корисници.

Соработката со медиумите е коректна и професионална и при давање на информации се води сметка за заштита на приватноста и интересите на членството. Во случај на злоупотреби од страна на медиумите, раководниот орган и Водачите, волонтерите и вработените предупредуваат и јавно реагираат на нив.

Водачите, волонтерите и вработените ја презентираат својата работа и во поширокатa социјална средина преку учество на јавни дебати, трибини, стручни конференции и други форми на инфромирање на граѓаните по пат на различни медиуми.

IX. ЕТИЧКИ ОДБОР

Член 14

Етички одбор го формира Старешинството, а составен е од тројца претставници.

Етичкиот одбор донесува Деловник за работа.

Член 15

Етичкиот одбор постапува по претставки и сознанија за неетичко постапување на Водачите, волонтерите и вработените во работата со членството кое е спротивно на Етичкиот кодекс за водачи.

Етичкиот одбор ги испитува претставките и сознанијата за неетичко

постапување на водачот, составува извештај за констатираната состојба кој може да содржи и предлог за решавање на истите и истиот го доставува до Старешинството.

Член 16

Етичкиот Кодекс го донесува Старешинството и истиот е јавно објавен и достапен на веб страната на Сојузот.

X.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Сите водачи во Сојузот се должни да се запознаат со одредбите на Етичкиот кодекс и да се грижат за негова правилна примена.

Член 18

Овој Кодекс влегува во сила со денот на неговото донесување.

Сојуз на извидници на Македонија Старешина, Миќо Стојановски

Скопје, 20.01.2025

Скопје, јануари 2025